*Градоначалник на Град Скопје*

Kryetari i Qytetit të Shkupit

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА СРЕДНОШКОЛЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје.

## II.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 2

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје, за тековната и наредната година.

Висината на финансиските средства за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје, се утврдува со Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование, за тековната година.

Финансиските средства се доделуваат за времетраење од 9 месеци во тековната учебна година.

Обврската за пресметка и плаќање на данок на личен доход е на Град Скопје.

Финансиските средства ќе бидат исплатени на трансакциската сметка на родител/старател/друго овластено лице доставена од апликантот.

## III.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 3**

Постапката за доделување стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за тековната учебна година, утврдени со Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје во тековната година, ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Град Скопје.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Град Скопје(www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми(и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.

Јавниот повик ќе трае 14 календарски денови од денот на објавата.

## IV.УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

**Член 4**

За доделување на стипендија учениците/апликантите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Ученици со попречености;
- Државјани на Република Северна Македонија;
- Жител/ка на Скопје;
- Редовен ученик/ученичка во средно училиште на Град Скопје;
- Ученик/ученичка кој/која во текот на претходната учебна година има постигнато минимален успех 3,00;
- Ученик/ученичка кој/која не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во тековната учебна година;
- Ученик/ученичка кој/која нема повторувано година во текот на своето образование, освен поради здравствени причини.

**Член 5**

Критериум за доделување на стипендија е успехот во образованието.

**Скала на бодување на постигнатиот успех:**

| просечен успех | бодови |
|---|---|
| 4,51 - 5,00 | 100 бодови |
| 4,01 - 4,50 | 80 бодови |
| 3,51 - 4,00 | 70 бодови |
| 3,00 - 3,50 | 60 бодови |

Во изборот ќе влезат апликанти кои врз основа на критериумите ќе бидат оценети со најмалку 60 бодови, а најмногу 100 бодови.

Ќе бидат доделени стипендии за 15 ученици.

**Член 6**

Со пријавата за стипендирање, апликантите се должни да ги приложат следните документи:

- Пријава за стипендирање на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје;

- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во психичкиот или физичкиот развој и специфичните потреби, издаден од надлежна установа, согласно Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој донесен од Министерство за труд и социјална политика (Службен весник на Република Македонија бр.172/2016 и 41/2019);

- Копија од државјанство на апликантот;

- Копија од лична карта на родител/старател/друго овластено лице;

- Копија од трансакциска сметка на родител/старател/друго овластено лице;

- Потврда за редовен ученик за тековната учебна година издадена од средното училиште;

- Копија од свидетелство за завршена претходна учебна година, при што учениците од прва година средно образование потребно е да го приложат свидетелството од 9-то одделение основно образование;

- Изјава потпишана од родител/старател/друго овластено лице со која се потврдува дека апликантот не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација за тековната учебна година;

- Потврда од училиштето дека апликантот нема повторувано учебна година во текот на своето образование, освен поради здравствени причини (што се докажува со соодветна медицинска документација);
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци.

## V.НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА СРЕДНОШКОЛЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**Член 7**

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје од членот 5 на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје за тековната учебна година, во состав од Претседател, Заменик претседател, членови и заменици членови(во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата е составена од 4 членови и 4 заменици членови, Претседател и Заменик Претседател.

Комисијата од ставот 1 има задача:

- да ја спроведе постапката,
- да ги разгледа и евалуира пристигнатите пријави,
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување или неусвојување на пријавите на апликантите.

По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите и критериумите согласно член 4, 5 и 6, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на стипендии на апликантите.

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат условите и критериумите согласно член 4, 5 и 6, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје, ќе обезбедат 60 бодови.

Предлогот за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје го потпишува Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот донесува Решение за доделување на стипендии на средношколците со поречености, ученици во средните училишта на Град Скопје.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се отфрлени некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите и критериумите утврдени согласно член 4, 5 и 6.

## VI.НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

**Член 8**

Рок за поднесување на пријавите е 14 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација, во затворен плик, без означување на апликантот, треба да се достави до **Град Скопје, преку пошта на адреса: бул.„Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, или преку Архивата на Град Скопје(барака бр.16)** секој работен ден од 07:00 до 19:00 часот, **со назнака до Сектор за образование- Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје.**

Потребната документација(Пријава, Изјава за согласност за обработка на лични податоци и Изјава со која се потврдува дека ученикот не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација за тековната учебна година) се достапни во просториите на Град Скопје, Сектор за образование, барака бр.2, секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот и на *веб страната на Град Скопје* www.skopje.gov.mk.

Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за образование на е-маил адреса: hristina.ralevska@skopje.gov.mk и на контакт тел: 02 3297-318.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**

---------------------------------------

**Изработил:**
Христина Чулева

---------------------------------------

**Одобрил:**
Овластен раководител на Сектор
Абдула Аземи

---------------------------------------

Бр. 08 - 10747
02. 10. 2024---2024 год
Скопје